РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 03-62/1
31.01.2019 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Академија за судии и јавни обвинители

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
Бр. 03-106/1
31.01.2019 год.
СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

Договорните страни,

- Академијата за судии и јавни обвинители, бул. Бул. Јане Сандански бр 12 ламела 2
- 1000 Скопје, Република Македонија претставуван директорот проф. Д-р Наташа Габер-Дамјановска, и
- Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Партизански одреди бб, ПФ.435, 1000 Скопје, претставуван од В.Д. директорот проф. Д-р Бојана Наумовска

На ден 31. јануари 2019 година, склучија

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Цели на Меморандумот

Водени од потребата за остварување поблиска соработка изразена преку заедничка апликација и реализација на научно-истражувачки и апликативни проекти, остварување соработка во доменот на едукацијата и образовното усовршување, согласно позитивните прописи на Република Македонија договорните страни се согласија за следното:

Општи одредби

Член 1

Со овој Меморандум се воспоставува соработка помеѓу договорените страни за остварување на предвидените научно-истражувачки проекти и образовно-едукативните цели.
Со Меморандумот се утврдуваат видовите, начинот и останатите права и обврски на договорените страни за реализирање на соработката.

Облици на соработка

Член 2

Академијата за судии и јавни обвинителии "Павел Шатев" од Скопје и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: ИСППИ) ќе остваруваат конкретна соработка во доменот на иницирање и реализација на научно-истражувачкии апликативни проекти од областа на работа и интерес на двете страни.

## Начини на реализација на соработката

Член 3

Соработката помеѓу Академијата за судии и јавни обвинителии ИСППИ по прашањата од заеднички интерес, ќе се остварува преку:

- Размена на релевантни информации, контакти, искуства и знаења со цел реализација на заеднички проекти;
- Заедничка подготовка и реализација на научно-истражувачки и апликативни проекти, со ангажман на секоја договорна страна во доменот на својата експертиза;
- Заедничко проектно аплицирање за проекти и теми од обостран интерес кон трети страни (донатори, агенции, странски и меѓународни организации) **за** унапредување и обезбедување на независно, непристрасно, високо професионално и ефикасно правосудство кое ќе го афирмира принципот на владеење на правото и заштита на човековите права;
- Взаемна поддршка и помош во организирање на настани (дебати, кампањи, тркалезни маси, конференции, семинари, работилници сл.) со цел да се подигне довербата на граѓаните во правосудните институции и да обезбеди полесен и поефикасен пристап до правдата;
- Привилегиран третман по однос на школарината во случај на упис на три или повеќе последипломци или докторанди од Академијата за судии и јавни обвинители
- Доброволно споделување печатени и електронски материјали, како и размена на релевантната експертиза за разни теми од областа кои придонесуваат кон вградување во правосудство, на демократските принципи на владеење на правото и заштита на основните човекови права и слободи, вградени во бројните меѓународни документи за независно и ефикасно правосудство;
- Соработка во библиотечната дејност;

## Дополнителни акти

Член 4

Соработката од Член 3 на овој Меморандум ќе се остварува согласно посебните акти со кои ќе се утврдуваат правата и обврските на двете страни во врска со реализацијата на конкретни заеднички проектни активности или студии.

## Измена на Меморандумот

Член 5

Овој Меморандум може да се изменува и дополнува со писмена согласност помеѓу страните - потписнички .

Решавање на спорови

Член 6

Евентуалните спорови настанати во текот на спроведувањето на овој Меморандум ќе се решаваат спогодбено помеѓу страните – потписнички.

Важност на меморандумот

Член 7

Овој Меморандум се склучува со важност на неодредено време.

Престанок на Меморандумот

Член 8

Меморандумот престанува да важи со писмено откажување на една од страните - потписнички.

Влегување во сила

Член 9

Овој меморандум влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Завршни одредби

Член 10

Овој Меморандум е изготвен во четири еднообразни примероци од кои по два за секоја од договорените страни.

АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Директор
Проф. Д-р Наташа Габер-Дамјановска, и

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ ПОЛТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

В.д.Директор
Проф. д-р Бојана Наумовска